РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште "СТЕФАН ГАЈДОВ"
Бр. 01-311/1
07-01 2026 год.
ВЕЛЕС

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА

ООМУ„СТЕФАН ГАЈДОВ“ ВЕЛЕС



ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

ОПШТИНСКО ОСНОВНО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ
„СТЕФАН ГАЈДОВ"
ВЕЛЕС

СОДРЖИНА

1.Вовед.....2

2. Лична карта.....3

3.Мисија,мото,лого,визија.....5

4.Подрачје на промени,приоритети и цели.....6

5.Акциски планови.....7

6.План за евалуација на акциски планови.....8

7. Настава.....9

8.Оценување.....27

9.Вон-наставни активности.....28

10.Поддршка на учениците.....29

11.Грижа за здравјето.....30

12. Училишна клима и односи во училиштето.....30

13.Професионален развој на образовниот кадар.....32

14.Вклученост на семејствата во училиштето.....33

15.Комуникација со јавноста и промоција на училиштето.....34

16.Прилози.....36



1. Вовед

Учебната 2025/2026 година започна на 1 септември 2025 година. Во периодот предвиден за упис на нови ученици, училиштето организираше приемен испит со проверка на музичките способности на кандидатите, кој опфаќаше тестирање на слухот, чувството за ритам и музичката меморија. Врз основа на постигнатите резултати беше извршен упис на задоволителен број ученици, што претставува позитивен показател во однос на претходната учебна година.

При изработката на Годишниот извештај за работа на училиштето беа користени релевантни материјали и документи од редовното работење во текот на учебната година, и тоа:

- Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година;
- Статутот на училиштето;
- записници од седниците на стручните органи и тела;
- извештаи, анализи и друга релевантна педагошка и административна документација.

За изработка на Годишниот извештај, ООМУ „Стефан Гајдов“ – Велес формираше комисија која ја координираше подготовката на документот, врз основа на анализата на реализираните активности и постигнатите резултати во текот на учебната година.

Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ – Велес ја реализира воспитно-образовната дејност согласно наставните планови и програми за основно музичко образование. Наставата се организира и реализира преку индивидуална и групна настава, во согласност со наставниот план и програмите за музичките училишта.

Наставниот процес го реализираат 11 наставници и 1 стручен соработник-корепетитор, кои со својата стручност и професионален ангажман придонесуваат за квалитетно изведување на воспитно-образовната работа. Организацијата и реализацијата на работата во училиштето се одвиваат согласно програмските содржини утврдени во Годишната програма за работа. Наставата се изведува на македонски наставен јазик.

2. Лична карта на училиштето

- ***Општи податоци за училиштето***.

Име на училиштето	ООМУ „ Стефан Гајдов“
адреса, општина, место	Благој Нечев бр.8 Велес , Велес
телефон	076 278 191
фах	/
е-маил	stefangajdov@yahoo.com
основано од	1946 год.
Верификација- број на актот	14.06.1993 – 1776/3
Година на верификација	1993 год.
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски
Година на изградба	1936 год.
Тип на градба	тврда
Површена на објектот	540 m2
Површина на училшниот двор	374 m2
Површина на спортски терени и игралишта	/
Училиштето работи во смена	2
Начин на загревање на училиштето	Парно
Број на одделенија	15 деветгодишно и 4 шестгодишно
Број на паралелки	19
Број на смени	2

- **Просторни услови за работа на училиштето**

Вкупен број на училишни згради	1
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	914 m2
Нето површина	540 m2
Број на спортски терени	/
Број на катови	2
Број на училници	11
Број на помошни простории	1
Училишна библиотека	/
Начин на загревање на училиштето	парно

материјално- технички услови

Материјално технички услови	Персонален компјутер 5, принтер 6, смарт тв 2, тв1, видео 1, музички систем 2, радио касетофон 1 , фотокопир 2, лаптоп компјутери за наставници 9, проектор 1,платно за проектор 1,миксета1, микрофони 2, звучници 2, камера 1, дигитално пијано 1, клавинова 1, фотоапарат 1, правосмукалка самсунг.

3. Мисија и Визија

Мисија: Преку интензивна соработка со учениците, нивните семејства и локалната заедница, создаваме можности за развој на музичката култура , поттикнувајќи креативност и уметничка изразеност. Нашата цел е да го негуваме талентот и љубовта кон музиката, создавајќи нови генерации музички уметници кои активно ќе придонесуваат за унапредување на културната сцена и богатството на музичкото наследство на државата.

Визија Да ја користиме музиката како средство за социјализација, создавајќи средина која го поттикнува интелектуалниот развој и чувства на сигурност кај младите. Веруваме дека музиката ја гради рамнотежата и ја зголемува емоционалната благосостојба на учениците.

–Предвидената цел за визија во училиштето во потполност задоволува во правец на организирање на целокупниот музички живот, а со тоа и создавајќи средина која го поттикнува интелектуалниот развој и чувства на сигурност кај младите..

Мото



Лого



4. Подрачја на промени, приоритети и цели и акциски план

Приоритетно подрачје	**Активирање на родителите за поголемо присуство на родителските средби**
<u>Стратешка цел 1.</u>Зголемување на ангажманот на родителите преку активно вклучување со присуство на родителските средби. Развојна цел 1.1. Подобрена комуникација Развојна цел 1.2. Поддршка за родителите со прилагодени активности.	
Конкретна цел 1.1.1 зголемување на присуството на родителите на родителските средби во текот на учебната година, преку подобрена комуникација, понуда за онлајн средби и прилагодени термини за истите, со цел да се постигне поголем ангажман и соработка помеѓу училиштето и родителите.	

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**
Свикување на најмалку 4 родителски средби во текот на учебната година, индивидуални родителски средби по потреба.	Добивање на повратна информација и ангажман на родителите преку присуство на родителските средби.	Наставниците Стручните активи Наставнички совет	Тековно	различни извори за споделување на информација	Наставници – класни раководители, совет на родители, директор
Приоритетно подрачје	Активирање на родителите за поголемо присуство на родителските средби				
<u>Стратешка цел 1.</u> Зголемување на ангажманот на родителите преку активно вклучување со присуство на родителските средби. Развојна цел 1.1. Подобрена комуникација Развојна цел 1.2. Поддршка за родителите со прилагодени активности.					
Конкретна цел 1.1.1 зголемување на присуството на родителите на родителските средби во текот на учебната година, преку подобрена комуникација, понуда за онлајн средби и прилагодени термини за истите, со цел да се постигне поголем ангажман и соработка помеѓу училиштето и родителите.					

Активности Одржување информативни состаноци	Индикатори за успех Стекнати нови знаења	Носители на активностите Наставниците	Временска рамка за имплементација Тековно	Потребни ресурси Финансиски средства	Тим за следење на реализацијата на активностите Наставници, директор
Конкретна цел 1.2.1 Пренесување на стекнатите знаења					
Активности Интерни обуки	Индикатори за успех Стекнати нови знаења	Носители на активностите Наставниците	Временска рамка за имплементација Во текот на годината	Потребни ресурси Техничка опрема	Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите Наставници, директор

5. План за евалуација на акциските планови

<table>
<tr><td>Приоритетно подрачје</td><td colspan="5">Зголемување на ангажманот на родителите преку активно вклучување со присуство на родителските средби.</td></tr>
<tr><td colspan="6"><u>Стратешка цел -</u> Зголемување на ангажманот на родителите преку активно вклучување со присуство на родителските средби.

Развојна цел -. Подобрена комуникација

Развојна цел - Поддршка за родителите со прилагодени активности.</td></tr>
<tr><td colspan="6">Конкретна цел - Стекнување на нови искуства</td></tr>
<tr><td>Активности

Одржување информативни состаноци</td><td>Индикатори за успех

Стекнати нови знаења</td><td>Носители на активностите

Наставниците</td><td>Временска рамка за имплементација

Тековно</td><td>Потребни ресурси

Финансиски средства</td><td>Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите

Тим за професионален развој, директор</td></tr>
<tr><td colspan="6">Конкретна цел - Пренесување на стекнатите знаења</td></tr>
<tr><td>Активности

Интерни обуки</td><td>Индикатори за успех

Стекнати нови знаења</td><td>Носители на активностите

Наставниците</td><td>Временска рамка за имплементација

Во текот на годината</td><td>Потребни ресурси

Техничка опрема</td><td>Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите

Тим за професионален развој, директор</td></tr>
</table>

7. Настава

ПРЕГЛЕД НА НАСТАВЕН КАДАР ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 година

Степен на образование	Број на наставници	Име презиме	Предмет	Статус
ФМУ VII-2	1	Илија Настовски	пијано	неопределено
ФМУ VII-1 ФМУ VII-1	2	Алексова Татјана Ставрева Славица	Солфеж и теорија на музика Солфеж со елем. Теорија и хорско пеење.	неопределено неопределено
ФМУ VII-1	1	Златко Андреев	Кларинет и флејта	неопределено
ФМУ VII-1	1	Филип Величковски	класична гитара	неопределено
ФМУ VII -2 ФМУ VI-1	2	Елена Ѓоргиевска Роска Чукниева	Виолина виолина	неопределено неопределено
ФМУ VII-1	1	Јованче Банев	пијано	неопределено
ФМУ VII-1	1	Габриела Бачманова	пијано	неопределено
ФМУ VII-2	1	Игор Андреевски	корепетитор	неопределено
ФМУ VII-1	1	Мила Стојковиќ	виолончело	определено
ФМУ VII-2	1	Трајче Малинов	Традициски народни инструменти	неопределено

Табеларен преглед бр.1

Одделение	Македонски јазик		Албански јазик		Босански јазик		Турски јазик		Вкупно	
	Се	ж	се	ж	се	ж	се	ж	се	Ж
I	41	25							41	25
I-6 / II-6	8	2							8	2
II	26	13							26	13
III	20	12							20	12
III-6 / IV-6	9	4							9	4
IV	13	8							13	8
I - V	117	64							117	64
V	11	5							11	5
VI / VI-6	6	2							6	2
VI / VII	6	6							6	6
VII	8	6							8	6
VIII	7	5							7	5
VIII / IX	8	6							8	6
V-IX	46	30							46	30
I - IX	163	94							163	94

Преглед на вкупниот број на ученици во чисти паралелки

Училиште					***Ученици и паралелки по одделенија***													
	I		**I-6 / II-6**		**II**		**III**		**III-6 / IV-6**		**IV**		**I-V**					
	Па	уч	Па	Уч	Па	уч	Па	Уч	Пар	Уч	Па	Уч	Па	Уч				
Централно	4	41	1	8	3	26	2	20	1	9	2	13	13	117				
Вкупно																		
Подр.место																		
Вкупно	4	41	1	8	3	26	2	20	1	9	2	13	13	117				
Училиште					**Ученици и паралелки по одделенија**													
	V		**VI / VII**		**V6 / VI-6**		**VII**		**VIII**		**VII / IX**		**I- IX**					
	Па	Уч	Па	Уч	Па	Уч	Па	Уч	Пар	Уч	Па	Уч	Па		Уч			
Централно	1	11	1	6	1	6	1	8	1	7	1	8	19		163			
Вкупно																		
Подр.место																		
Вкупно I-IX	1	11	1	6	1	6	1	8	1	7	1	8	19		163			

Преглед на вкупниот број на ученици по етничка припадност по одделенија

Табела бр.2

одделение	вкупно	Етничка и полова структура на учениците											
		Македонци		Албанци		Турци		Срби		Роми		други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	45	18	26								1		
II	30	16	13							1			
III	24	10	14										
IV	18	8	10										
V	15	9	6										
VI	8	1	7										
VII	8	2	6										
VIII	8	3	5										
IX	7	1	5										1
Вкупно	163	68	92							1	1		1

Преглед на вкупниот број на ученици во комбинирани паралелки

Табела бр.3

Училиште	***Ученици и паралелки по одделенија***							
	I-II6		**III - IV6**		**V6 – VI6**		**вкупно**	
Централно	Па	уч	Па	Уч	Пар	Уч	Пар	Уч
	1	8	1	9	1	6	3	23
Вкупно								
Подрачно								
Вкупно	1	8	1	9	1	6	3	23

Наставен кадар

Табела бр.4

Наставен кадар по наставни јазици	Одделенска настава					Предметна настава					Вкупно
	М.р	VII	VI	IV	се	VII-2	VII-1	VI	ССС	се	
Македонски		2				4	4	1			11
Албанци											
На определено време							1				1
Вкупно		2				4	5	1			12

Преглед на стручен кадар

Табела бр.5

Работни места	Завршено образование					Работен стаж	Работно искуство на оваа работна обврска
	М.р	VII	VI	IV	Осн.		
Директор		1				30	12
Помош. Директор							
педагог							
психолог							
Секретар-благајник		1				35	27
сметководител							

Други вработени

Технички персонал хигиеничар					1	/	4	/	1
Хаус мајстор				1			29		1
На определено вре.									

Настава – видови настава:

- реализација на воспитно-образовната работа во училиштето.
- реализацијата на наставните планови и програми,
- анализа на работата на стручните активи и наставничкиот совет,
- од примена на наставни техники на учење и поучување,
- од примена на наставната технологија во наставата,
- преглед на бројот на планираните и реализираните

- наставни часови по предмети

Поделба на класно раководство и поделба на часови на наставниот кадар		
• **Благој Каракачанов**	• директор	
• **Татјана Алексова**	• 22	Класен раководител
• **Славица Ставрева**	• 22	Класен раководител
• **Роска Чукниева**	• 20	Класен раководител
• **Елена Ѓоргиевска**	• 20	Класен раководител
• **Илија Настовски**	• 22	Класен раководител
• **Златко Андреев**	• 20	Класен раководител
• **Габриела Бачманова**	• 22	Класен раководител
• **Јованче Банев**	• 22	Класен раководител
• **Филип Величковски**	• 22	Класен раководител
• **Мила Стојковиќ**	• 20	Класен раководител
• **Игор Андреевски**	• 20	/
• **Трајче Малинов**	• 20	Класен раководител

Присуството на директорот во подготовките на јавните настапи е континуирано и постојано го следи нивното напредување.Сите активности кои беа реализирани во текот на оваа година се следени од страна на Наставничкиот совет на училиштето.Во училиштето

наставата се изведува индивидуално за секој ученик по инструмент, а наставата по солфеж и теорија, хор и камерно и оркестарско музицирање се изведува групно, според планот и програмата на музичките училишта.

- **Изборна настава**

Во деветгодишното, шестгодишното и тригодишното основно музичко образование, учениците според наставните планови имаат изборни предмети – хорско пеење и училиштен оркестар. Целта на наставата по предметите хорско пеење и училиштен оркестар е на учениците да им се развие љубовта кон гласот, хорското пеење односно да се оспособат за заедничко музицирање во помал или во поголем состав. Наставата се изведува групно од најмалку десет ученици.

- **Дополнителна и додатна настава**

Во наставните активности училиштето ги организира преку одржување на повеќе јавни настапи за потребите на градот и други потреби на настапи кои не се вклучени во планот и програмата на училиштето. Во училиштето се организира додатна настава за учениците кои побрзо напредуваат и учениците кои учествуваат на државни и меѓународни натпревари. Дополнителната настава иако е реткост во училиштето се организира за ученици кои заостануваат со совладување на наставните содржини. Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани Поради посебноста на наставната програма за музичките училишта во кои наставниот кадар држи индивидуални часови секој наставник работи со посебно талентираните ученици. Спрема напредокот на учениците наставниците работат индивидуални програми за секој ученик посебно .

- **Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби**

Во нашето училиште нема запишани ученици со посебни образовни потреби.

- **Поврзување на еколошката програма со редовната настава**

Во училиштето секој наставник во својата годишна програма и планирањата интегрира еколошки содржини. Истите се базираат на деветте еколошки теми кои преку музичка слика се презентираат во наставниот час.

- **Употреба на ИКТ во наставата**

Секој ученик напредува различно, затоа секој наставник тековното планирање го изработува индивидуално, планирање за слушање на музика поради фактот што секој ученик напредува одвоено и во зависност од нотната литература која ја изведува ученикот наставникот предвидува презентација на композиции за часот.

Наставниот кадар на своите индивидуални часови со учениците презентира слушање на музика која е внесена во наставната програма како содржина во планирањата за секој месец.

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ НАСТАВНИ ЧАСОВИ

Предмет	Планирани	Реализирани
Софеж	72	72
Солфеж со ел. теорија	36	36
Теорија на музиката	72	72
Пијано	72	72
Виолина	72	72
Гитара	72	72
Кларинет	72	72
Виолончело	72	72
Корепетиција	72	72
Традициски народни инструменти	72	72

Преглед на изостаноците на учениците

Одд	**I**	**I6 - II6**	**II**	**III**	**III-IV6**	**IV**	**V**	**VI - VII**	**V / IV6**	**VII**	**VIII**	**VIII / IX**	**I - IX**
Оправдани	10	10	8	/	21	/	17	13	10	20	10	13	132
неоправдани	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Вкупно	10	10	8	/	21	/	17	13	10	20	10	13	132

Преглед на испишани и неоценети ученици

Одд	I	I6 - II6	II	III	III-IV6	IV	V	VI - VII	V / IV6	VII	VIII	VIII / IX	I - IX
	3	1	4	4	1	6	2	2	2	2	1	/	28
Вкупно	3	1	4	4	1	6	2	2	2	2	1	/	28

Преглед на поведението на учениците

Одд	I	I6 - II6	II	III	III-IV6	IV	V	VI - VII	V / IV6	VII	VIII	VIII / IX	I - IX
Примерно	41	8	26	20	9	13	11	6	6	8	7	8	163
Добро	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Незадовол.	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Вкупно	41	8	26	20	9	13	11	6	6	8	7	8	163

Преглед на учениците со продолжен престој

Наставен јазик	Целодневен престој			Дневен престој		
	групи	ученици	наставници	групи	ученици	наставници
Македонски						

Преглед на учениците кои користат исхрана

Наставен јазик	Исхрана во училишна кујна	Организирана исхрана	Самоисхрана

Преглед на општиот успех на учениците на крајот од учебната 2025/2026 година

Одд.	Вкупно ученици		Опис. оцене	Одлични		Мн.добри		Добри		Доволни		Вкупно		Со 1.сл		Со 2.сл		Повторуваат		Ср. успех
	се	ж		бр	%	бр	%	бр	%	бр	%	бр	%	бр	%	бр	%	бр	%	
I	41	25	41	/		/														/
I6 - II6	8	2	/	8		/														5.00
II	26	13	26	/		/														/
III-IV6	9	4	/	8		1														4.88
III	20	12	20	/		/														/
IV	13	8	/	13		/														5.00
I-V	117	64	87	29		1														4.96
V	11	5	/	11		/														5.00
V-VI6	6	2	/	5		1														4.83
VI-VII	6	6	/	5		1														4.83
VII	8	6	/	8		/														5.00
VIII	7	5	/	7		/														5.00
VIII-IX	8	6	/	7		1														4.87
V-IX	46	30	/	43		3														4.92
I-IX	163	94	87	72		4														4.94
Вкупно	163	94	87	72		4														4.94

Општиот среден успех на училиштето е 4,94

Годишни активности и проекти на ООМУ„Стефан Гајдов“Велес во учебната 2025/26 год.

- *Набавени се средства за хигиена и генерално е исчистена училишната зграда*
- *Извршен санитарен преглед на вработените*
- *Генерално чистење на училишната зграда и дворот*
- *Набавка на репроматеријали за гудачки инструменти*
- *Фарбање на влезната врата и ограда на училиштето*
- *Набавка на 1 инвертер клима*
- *Набавка на орфови инструменти*
- *Целосно Реновиран еден кабинет на поткровје*
- *Проверена громобранска инсталација и проверка на ППА*
- *Набавени шкафови за инструменти и канцеларија на администрација*

Јавни настапи и воннаставни активности на училиштето во текот на годината

8. Вон-наставни активности

- ***Секции и слободни ученички активности***

- Училиштето не ги задржува учениците надвор од наставните часови поради активности во матичните училишта и законската норма за ограничен број на часови во училиштето, така што вон-наставните активности училиштето ги поврзува со јавните настапи.

- **2025/2026: Воннаставни активности – јавни настапи на ученици при ООМУ „Стефан Гајдов“ – Велес**

  Прво полугодие:

- 3.9.2025 (место: училишна сала) Концерт за првачињата во ООМУ „Стефан Гајдов“ – Учествуваат: ученици од сите класи.

- 22.9.2025 (место: Европска куќа - Велес) Завршен концерт на проектот „Музикодирање“ на Еразмус+. Координатор: Илија Настовски, музички едукатор: Габриела Бачманова, музички аниматор: Филип Величковски. Учествуваат: Ива Бабуновска, Татјана Арсова, Илина Бабуновска, Лара Гочевски - виолини (класа: Елена Ѓоргиевска); Љупчо Синадиновски - виолина (класа: Роска Чукниева) Весна Синадиновска – виолончело (класа: Благојче Каракачанов).

- 22.10.2025 (место: училишна сала) Училиштен концерт – октомври. Учествуваат: ученици од сите класи.

- 30.10.2025 (место: НУ Театар Ј. Х. К. Џинот - Велес) Отворање на Меѓународен фестивал на сатира „Џинот“ - Велес. Учествува: Даријан Јордановски – гитара (класа: Филип Величковски).

- 30.10.2025 (место: ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“ – Велес) Втор фестивал на сатира „Џинот“ - Велес. Учествува: Љупче Синадиновски – виолина (класа: Роска Чукниева).

- 31.10.2025 (место: ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“ – Велес) Затворање на фестивал на сатира „Џинот“ - Велес. Учествуваат: Огнен Ристов – пијано, Дејан Наумов – пијано (класа: Илија Настовски) и трио виолини Лина Гаштарска, Елена Иванова и Илина Бабуновска (класа: Елена Ѓоргиевска).

- 27.11.2025 Месечен концерт ноември. Учествуваат: ученици од сите класи.

- 10.12.2025 (место: ЛУ библиотека „Гоце Делчев“ Велес) Промоција на книга „Новогодишна и божиќна магија“ – соработка на клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ - Велес со Литературната асоцијација „Кочо Рацин“ од Мелбурн, Австралија. Учествуваат: Петар Огњанов – пијано (класа: Илија Настовски) и Мила Јорданов (класа: Филип Величковски).

- 24.12.2025 (место: НУ Театар Ј. Х. К. Џинот - Велес) Новогодишен концерт на ООМУ „Стефан Гајдов“ – Велес. Учествуваат: Ученици од сите класи, хорот на ООМУ „Стефан Гајдов“ и оркестарот на ООМУ „Стефан Гајдов“.

- <u>Второ полугодие:</u>

- 23.1.2025 (место: ЛУ библиотека „Гоце Делчев“ - Велес) Промоција на книга од Божидар Јовиќ. Учествуваат:

- Петар Огњанов – пијано (класа: Илија Настовски)

- Мила Јорданов – гитара (класа: Филип Величковски).

- 12.2.2026 (ЛУ библиотека „Гоце Делчев“) Промоција на книга „Методот *Роганте*“ од Масимо Роганте, во превод на Илија Настовски. Учествуваат:

- Огнен Ристов, Анастасија Цветковска, Весна Синадиновска и Петар Огњанов – пијано (класа: Илија Настовски)

- 26.2.2026 (место: училишна сала) Месечен концерт – февруари. Учествуваат ученици од сите класи.

- 26.3.2026 (место: училишна сала) Месечен концерт – март. Учествуваат ученици од сите клас

- 30.3.2026 (место: сала при Економски факултет - Штип) Настап на „Ден на пијаното“. Учествуваат:

- Петар Огњанов – пијано (класа: Илија Настовски),

- Есен Христовска, Емили Банева и Софиа Алексовска – пијано (класа: Јованче Банев).

- 31.3.2026 Online меѓународен натпревар Angel voice. Учествуваат:

- Емили Банева – пијано - II награда, Есен Христовска – пијано I награда (класа: Јованче Банев)

- Христијан Здравков – пијано II награда, Петар Огњанов – пијано I награда (класа: Илија Настовски).

- 1.4.2026 (место: училишна сала) Солистички концерт на Исидора Ангелеска која е пијанист од класата на проф. Марија Ѓошевска – ФМУ Скопје. Концертот беше одржан пред ученици и наставници од нашето училиште.
- 2.4.2026 (место: НУЦК „Бели мугри“ – Кочани) Ревијален концерт на музички училишта во организација на ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани, по повод обележување на 70 години од основањето на основното музичко училиште во Кочани. Учествуваат:
- Ива Бабуновска – виолина (класа: Елена Ѓоргиевска)
- Огнен Ристов – пијано (класа: Илија Настовски).
- 7-8.4.2026 (место: МБУЦ „Илија Николовски – Луј) Државен натпревар по солфеж: Учествуваат: Вања Тевчев – I награда на регионален и државен; Есен Христовска – II награда државен и I награда на регионален. (наст: Славица Ставрева).
- Ива Јованова – III награда на државен, I награда на регионален (наст. Татјана Алексова).
- 15.4.2026 Настап во касарната „Алексо Демниевски – Бауман“ Велес - по повод Денот на командата за обуки и доктрини.
- Учестува: Хорот при ООМУ „Стефан Гајдов“ – Велес (диригент: Славица Ставрева).
- 22.4.2026 (место: училишна сала) Концерт на учениците кои се спремаат за настап на натпревар. Учествуваат: ученици од клавирските класи.
- 11-18. мај.2026 (место: Штип) Меѓународен натпревар „Сергеј Михајлов“. Учествуваат:
- Ива Бабуновска – виолина II награда, Стефан Ѓоргиевски – виолина I награда (класа: Елена Ѓоргиевска)
- Емили Банева – пијано II награда, Есен Христовска – пијано I награда (класа: Јованче Банев)
- Весна Синадиновска – виолончело I награда (класа: Благојче Каракачанов)
- Атанас Стојковски – пијано I награда, Теон Караџов – I награда (класа: Габриела Бачманова)

- Дамиан Прстенков – пијано I награда, Емили Љуткова - пијано I награда, Љубчо Стојанов - пијано I награда, Благој Дамевски - пијано III награда (класа: Илија Настовски).
- 7.5.2026 (место: Врњачка бања) Учествуваат:
- Дејан Наумов - пијано I награда (100 бода), Бојан Шопов - пијано I награда (100 бода), Весна Синадиновска и Анастасија Петровска – дуо пијано I награда (100 бода), Анастасија Цветковска - пијано I награда, Петар Огњанов – пијано I награда, Христијан Здравков - пијано I награда, Емили Љуткова - пијано I награда, Благој Дамевски - пијано I награда (класа: Илија Настовски).
- 22.5.2026 (Прилеп - Дом на култура) Настап на фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски – Долнени“ и освоена статуетка.
- Учествуваат: Андреј Бошев – тамбура, Петар Петрушев – тапан (класа по народни инструменти: Трајче Малинов).
- 26.5.2026 (место: училишна сала) Настап на првачињата на орфови инструменти. (наст. Славица Ставрева).
- 29.5.2026 (место: Кавадарци) Меѓународен натпревар Арт Ин. Учествуват:
- Ана Ѓошев – виолончело I награда (класа: Благојче Каракачанов)
- Јована Васиќ – I награда (класа: Роска Чукниева)
- Стефан Ѓоргиевски – виолина I награда, Ива Бабуновска – виолина I награда (класа: Елена Ѓоргиевска).
- 15-30.5.2026 (ЈОУДГ „Димче Мирчев“ - Велес) Циклус концерти во сите 6 објекти на ЈОУДГ „Димче Мирчев“ - Велес со ученици од сите класи.
- 26.5.2026 (ООУ „Св Кирил и Методиј“ – Велес) Мини концерт на ученици од сите класи.

- 4.6.2026 (место: Театар Ј. Х. К. – Џинот) Патронат на ООМУ „Стефан Гајдов“ – Велес. Учествуваат: Ученици од сите класи, хорот и оркестарот на училиштето.

- 8.6.2026 (место: Ликовен салон) Јубилеен концерт на ООМУ „Стефан Гајдов“ на завршени ученици (ученици, студенти и дипломирани музичари).

- 9.6.2026 (место: Гевгелија) Меѓународен натревар на млади пијанисти. Учествува: Теон Караџов – пијано I награда (класа: Габриела Бачманова).

9. Оценување

- **Видови оценување и календар на оценување**

Наставните програми за музичките училишта предвидуваат успехот и поведението на учениците да се врши по класификациони периоди. Наставниците водат планирање (дневна,месечна и годишна подготовка) и истата ја заведуваат електронски, работат според посебни правилници и критериуми за оценување на учениците, а успехот на учениците се внесува во евидентни листови и посебно досие за секој ученик. На крајот од учебната година учениците добиваат свидетелство за нивниот успех и поведение.

На редовни и вонредни родителски средби ги информираат родителите за постигнатиот успех и поведение на учениците, а доколку има потреба се закажуваат и не планирани индувидуални и групни средби.

На крајот на учебната година во училиштето се спроведоа годишни испити по сите предмети.

- **Тим за следење, анализа и поддршка**

Наставниот кадар заедно со раководниот орган работеше на афирмација на училиштето и зголемување на соработката со родителите и локалната средина преку одржување на почести групни и индивидуални родителски средби и јавни настапи од различен карактер. Согласно со Програмата за работа на училиштето се одржани планираните родителско-наставнички среќавања при што на родителите им беа соопштувани информации во врска со: животот и работата на училиштето, успехот и поведението на учениците.

Во училиштето постојат стручни активи на кои меѓусебно соработуваат и изнаоѓаат начин да се подобри квалитетот на наставата. Истите тие работат по содржината на наставната програма и се стремат да воведат нови содржини, ги поддржуваат новитетите за подобрување на успехот на учениците и општ заклучок на наставниот кадар е дека училиштето континуирано задржува висок просек на општиот успех на учениците. Успехот на учениците се следи континуирано преку целата година.Према направената анализа може да се заклучи дека застапеноста на учениците на јавните настапи и концерти,кои се предвидени во програмата на училиштето, но и настапите за Локалната самоуправа е во голем размер и се потврдува со големиот одзив на публиката.Преку соработка на училиштето со разни музички здруженија, музички училишта во државата и надвор од неа, наставниот кадар и раководството им нудат голема поддршка на учениците за да ги промовираат нивните музички способности.

Во училиштето постои и тим за професионален развој кој е сочинет од сите претседатели на стручните активи и директорот на училиштето. Задачата на овој тим е да го следи професионалниот развој и да врши унапредување на работата на наставниците.

Целокупната организација и реализирање на работата во училиштето се остварува со програмски содржини предвидени во годишната програма за работа на училиштето. За непристрасно и објективно оценување голем придонес имаат и родителите кои со взаемна комуникација со наставниците придонесуваат за целокупниот успех на учениците.

Соработка со локалната заедница и општината

Училиштето реализира културни, едукативни и организира јавни настапи за локалната заедница. Тековните активности и постигнувањата на учениците од нашето училиште перманентно се презентираат пред поширокота јавност.Училиштето активно учествува во организирање на бројни настани на ниво на град Велес.

Вон- наставни активности

- **Секции и слободни ученички активности**

  Училиштето не ги задржува учениците надвор од наставните часови поради активности во матичните училишта и законската норма за ограничен број на часови во училиштето, така што вон-наставните активности училиштето ги поврзува со јавните настапи.

- **Програма за јавна и културна дејност**

  Сите јавни настапи предвидени со годишната програма за работа на училиштето се успешно реализирани

- **Ученички натпревари**

  Во текот на учебната година нашите ученици учествуваа на фестивал и меѓународни натпревари на кои што со посебен успех се претставија и освоија високи награди.

- **Општествено хуманитарна работа**

  Во текот на годината зависно од потребите на локалната заедница и невладиниот сектор училиштето организира разни настапи.

10. Поддршка на ученици

- **Постигнување на учениците**

  Нашето училиште води посебна грижа за постигнувањата на учениците преку континуирано следење на напредокот и работата докажано од одржаните музички натпревари и јавните настапи во градот и надвор од него.

- **Превентивни програми** (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

ООМУ„Стефан Гајдов “ работи во две смени , но и покрај тоа не е забележано насилство во досегашниот период.

Работењето во основното музичко училиште се изведува во индивидуална и групна настава, но не постои поголемо групирање на ученици. Наставниците постојано водат грижа за редот и дисциплината во училиштето. При најмало нарушување на редот се организираат вонредни дежурства од сите вработени во училиштето.По одржаните состаноци на вработените и директорот општ е заклучокот дека нема нарушување на јавниот ред и дисциплина на учениците. Кога не се воведуваат дежурства од страна на вработените редот и дисциплината во училишната зграда ги одржува техничкиот персонал. Соработката со родителите во однос на дисциплината на учениците е редовна така што при настаната и најмала не дисциплина истите се опоменуваат.Училиштето и понатаму останува отворена установа за посета на сите заинтересирани граѓани. Своите концерти училиштето ги држи во училишната сала и пред секој настап во организација на училиштето училишната сала е посебно преуредена.Се врши увид и контрола на пристапноста на надворешни лица.

- **Безбедност во училиштето**

Училиштето има план за евакуација при елементарни непогоди, план за заштита од пожари и поплави, со посебни ознаки за движење во случај на потреба, а дел од колективот е обучен и за противпожарна заштита.Апаратите за противпожарна заштита се сервисирани,громобранската заштита е проверена, а осветлувањето на училишната зграда е во добра состојба.

- **Позитивна социо-емоционална клима**

Покрај недостатокот на педагошко – психолошка служба, наставниот кадар заедно со раководството преку меѓусебна соработка создаваат услови за позитивна социо-емоционална клима во училиштето.

Училиштето е отворено за соработка со родителите преку групните и индивидуални родителски среќавања на кои се разговара за потребите на учениците со цел разрешување на евентуално настанати проблеми во текот на учењето.

11. Грижа за здравјето

- **Хигиена во училиштето**

За почетокот на учебната година, училиштето спроведе хигиено-технички активности како белење на просториите и уредување на дворната површина со бетонирање на заден дел од дворниот простор на училишната зграда . Поради краткиот престој на учениците во училиштето и ангажираност во матичните училишта наставниците во соработка со родителите навремено се информираат околу здравствената состојба на учениците и секоја настаната промена кај здравјето на учениците взаемно ја разрешуваат.

- **Систематски прегледи**

Пред почетокот на учебната година, наставниците извршија систематски и санитарни прегледи, додека учениците ги вршат своите систематски прегледи во матичните училишта.

- **Едукација за здрава исхрана**

Едукацијата за здрава исхрана се изведува со информативни часови во групната настава предвидени во Еко програмата.

12. Училишна клима и односи во училиштето

- **Дисциплина**

Наставниот кадар и техничката служба во училиштето водат грижа и контрола за дисциплината на учениците во ходниците, училниците, санитарните јазли и училишниот двор во текот на целото работно време на училиштето. Училиштето утврдува програма и има план за подобрување на училишната дисциплина на учениците и вработените. Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар (по потреба) во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

- **Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Оваа година училиштето превзеде мерки за естетско уредување на изгледот на внатрешноста на училишната зграда .Учениците и вработените во училиштето допринесуваат со изработка на нагледни средства (хамери, слики,паноа, табли за известување и сл.) наставниците градат одговорен однос кон инвентарот, техничката опрема, инструментите во кабинетите , зеленилото и цветните аранжмани во училишниот двор, а техничкиот перонал се грижи за хигиената во санитарните јазли и училишната зграда.

- **Етички кодекси**

Во училиштето јавно е истакнат етички кодекс на однесување за учениците, наставниците, родителите и вработените и сите субјекти се придржуваат кон истиот. Етичкиот кодекс претставува важен сегмент за животот и културата во училиштето и се прилагодува спрема потребите на училиштето.

- **Мулти- културализам**

Во училиштето се школуваат ученици од македонска и бошњачка националност и не постои ограничување и деградирање во поглед на национална и етничка припадност. Се школуваат ученици од целата општина , а прифаќа и ученици од соседните општини. Во училиштето наставата се одвива на Македонски јазик и најмногубројни се Македонците. Но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен етнички идентитет од нашиот, како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на музичката култура,редот, мирот, сожителството, културното наследство и традицијата.

- **Односи меѓу сите структури**

Општата клима во училиштето е добра, што покажуваат анкетите во прашалниците за наставниците.
Вработените во училиштето градат и негуваат добри меѓучовечки односи , се состаниуваат и комуницираат тековно , а училиштето организира повремени излети чија цел е подигнување на нивото и квалитетот на меѓусебната комуникација

13. Професионален развој на образовниот кадар

- **Детектирање на потребите и приоритетите**

Училиштето им овозможува на наставниците да ги развијат сопствените знаења и вештини активно и искуствено, во различни околини за учење. Применуваат различни стратегии за учење кои вклучуваат директно поучување,дискусии, и споделување искуства. Ги охрабрува наставниците да бидат ментори, тутори и водачи на процесот на учење на учениците (наместо едноставно да бидат презентери на знаење и информации) Развивање на вештините на наставниците за учењето како да се учи – learning how to learn (дефинирање на цели на учењето, планирање и евалуација на стратегиите на учење, го набљудуваат напредокот и ги прават исправките ако е потребно) Овозможува учење независно од времето и местото.

- **Активности за професионален развој**

Во самиот професионален развој ќе бидат применети методи на подучување, советување, пренесување искуства во наставата и методско-дидактичко збогатување. Стручните активи како тим работат на согледување на потребите за професионален развој на наставниот кадар. Во текот на учебната година професионалниот развој на наставниот кадар ке се раководи преку однапред утврдени , приоритети, цели, задачи и активности,со тоа што ќе се даде акцент на унапредување на работните обврски, подигнување на нивото на интерперсонална комуникација во наставата, следење на работата на наставниците од страна на тимот за професионален развој на наставен кадар и директорот со дополнителни консултации, советувања и разговори како и зголемена соработка со родителите. Се планира активно учество на наставнците и вработените на понудени семинари и обуки од различни подрачја од провајдер како МОН , БРО и др.

- **Хоризонтално учење**

Главен акцент и оваа година се постави на размената на професионално искуство преку размена, како и меѓусебно споделување на видео материјали превземени од интернет.Во училиштето постојат акциски планови во наставната програма, во поединечните планови на наставниот кадар, развојното планирање на училиштето со детално утврдени приоритети, цели , задачи и активности. За нивна реализација преку одржување средби и состаноци, наставниците меѓусебно соработуваат на високо ниво, вршат размена на корисни информации, десеминација за останатите наставници од предходно одржани семинари, размена на литература и воопшто даваат меѓусебна поддршка и помош во работата.

- **Тимска работа и училишна клима**

Одговорните на стручните активи редовно свикуваат состаноци на кои се носат конкретни заклучоци, се усвојуваат предлози и се преземаат мерки за ефективност на наставата.Училишната клима ја градат сите вработени во училиштето. Се почитува и вреднува

работата на секој поединец, раководниот орган и техничко – административната служба се достапни за информации и соработка и взаемно работат на подобрување на меѓучовечките односи и имиџот на училиштето.

Дел од програмата на музичките училишта се одвива со тимско работење на наставниот кадар и тоа преку организирање на концерти,натпревари и јавни настапи за потребите на локалната самоуправа и пошироко од типот на хуманитарни концерти, промоции на книги, одбележување на значајни датуми.

14. **Вклученост на семејствата во училиштето**

- **Во животот и работата на училиштето**

Советот на родители по претходно изготвена програма за работа, ги детектира состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, дава сопствени идејни планови за организирање на активности во училиштето. Исто така Советот на родители ги поттикнува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.

- **Во процесот на учење**

Родителите даваат поддршка во олеснување на работата на наставниот кадар кај учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини. Тие разменуваат повеќе информации и помагаат на наставниот кадар за прибирање на одредени помагала и други наставни средства.и се вклучени во професионалната ориентација на учениците.Родителите на учениците навремено се информирани за наставниот процес во училиштето преку континуирана соработка со училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар и учениците.

- **Во активностите во училиштето**

Интеракцијата меѓу семејствата и училиштето е на високо ниво кое резултура со голема поддршка за учество на натпревари во и надвор од државата, а исто така училиштето е отворено за разгледување и прифаќање сугестии и предлози со цел за постигнување подобри резултати.Нашето училиште како културна установа со посебно значење за општината на повеќе манифестации со посебна важност за културниот развој на градот зема активно учество за подигнување на културата, а родителите на учениците со својата посета на нашите концерти даваат голем придонес и поддршка. Го зголемуваат интересот и ангажираноста како на своите деца така и на нивните наставници.Училиштето води посебна грижа за јавната презентација во повеке медиуми.

- **Во донесување одлуки**

Партиципацијата на родителите во давање на идеи и предлози преку одржување на состаноци, родителски средби (групни и индивидуални) и други среќавања влијае на донесување на одлуките важни за училиштето. Родителите активно се вклучени во совет на родители, училишен одбор и ученички заедници.

- **Едукација на семејството**

Училиштето преку огласната табла ги информира родителите за сите тековни збиднувања во училиштето, одржува индивидуално-консултативни средби на кои се дискутира за успехот, поведението и развојот на учениците со цел да се постигне поголема мотивираност и резултати.

- **Изработка на брошура за родители**

Наставниците со раководниот орган изработија информативна брошура за родителите.

15. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

- **Институции од областа на културата и локалната заедница**

Училиштето соработува со сите културни установи и образовни институции во градот и учествува на сите јавни настапи од отворен вид кои се во интерес на локалната заедница како настапи на изложби, промоции на книги, разни презентации, одбележување на значајни датуми како и на хуманитарни манифестации. Комуникацијата со локалната средина училиштето ја остварува взаемно преку електронски пат, промоција на постигнати резултати и други состаноци од заеднички интерес.

- **Медиуми** (со цел на промоција на училиштето)

Во соработката со медиумите училиштето користи печатени, визуелни и електронски маркетинг услуги за снимање на концерти, промоција на постигнати високи резултати, добиени награди од државни и меѓународни натпревари, известување за упис на нови ученици, активности предвидени во еколошката програма и општа афирмација на училиштето.

- **Соработка со родителите**

Соработката со родителите се реализираше преку општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, советување на родителите, анкетни прашалници состаноци на Советот на родители,состаноци на стручни актриви, вклучување во проекти и работилници

кои се реализираа во училиштето и слично. Соработката со родителите е еден аспект од работењето на кој училиштето посветува посебно внимание. Со родителите се реализирани индивидуални и групни средби на кои се дискутираше за напредокот и постигнувањата на учениците, нивниот успех, поведение и изостаноци и се работеше на надминување на утврдените проблеми на учениците. Преку индивидуални и општи родителски средби, усмени и во писмена форма (евидентни листи, писмени известувања) родителите беа известувани за напредокот, поведението и изостаноците на ученикот. На општите и индивидуалните родителски средби родителите се известени за најзначајни аспекти од работењето на училиштето (унапредување на услови за работа, училишен успех по паралелки, реализација на редовна, додатна и дополнителна настава, слободни ученички активности, информираност за идните и одржани натпревари на почеток од учебната година, на крај од првото полугодие и на крајот на учебната година).

ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

Тимот задолжен за евалуација на реализацијата на годишната програма го следеше нејзиното реализирање во текот на учебната 2025/2026 година во соработка со Наставничкиот совет, Стручните активи и Училишниот одбор. Од анализите на целокупното работење Тимот за евалуација на Годишната програма констатираше дека активностите планирани во годишната програма особено реализацијата на приоритетите е целосно реализирана од планираното во Годишната програма за работа во тековната учебна година.

Годишниот извештај го изработија наставниците:

Татјана Алексова

Илија Настовски

Трајче Малинов

Габриела Бачманова

Славица Ставрева

Директор

Благој Каракачанов

прилози

Извештај за работата на наставнички совет на училиштето

1. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2025/2026 година.
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов“ - Велес за учебната 2026/2027 година.
3. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Самоевалуацијата на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за 2024/2025 година и 2025/2026 година.
4. Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците при ООМУ „Стефан Гајдов“ – Велес за првото тримесечје од учебната 2025/2026 година.
5. Утврдување на термин за родителска средба.
6. Давање на предлози за членови во Совет на родители.
7. Давање предлози на ученици кои ќе бидат во ученичкиот парламент.
8. Избор на членови во комисија за попис на средствата, побарувањата, обврските и паричните средства во благајната и нивни заменици.
9. Разгледување и утврдување на успехот и поведението во првото полугодие од учебната 2025/2026 година.
10. Избор на нов член во Училишниот одбор од редот на наставниците, по пат на тајно гласање.
11. Разгледување и усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов“ - Велес за учебната 2025/2026 година.
12.Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците во третото тримесечје од учебната 2025/2026 година.
13.Извештаи од извршените годишни испити.
14.Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците за учебната 2025/2026 година.
15. Извештај од завршни испити од вториот јунски рок (дополнителен термин за годишен испит)
16.Формирање на комисија за прегледување и верификација на свидетелства од IX и VI одделение.
17. Формирање на комисија за прегледување на свидетелства од останатите одделенија од 1 до 9 одд.
18. Формирање на комисија за преглед на Главни (матични) книги.
19. Формирање на комисија за преглед на записници од годишните испити.

Наставничкиот совет работеше според Годишната програма за работа. Планираните задачи се реализирани, а остварени се активности како што се: утврдување на паралелките, распоредување на наставниците по наставни предмети, одделенски раководства, одговорни наставници за повеќе активности во училиштето слободни активности и додатна настава,снабдување на учениците со бесплатни учебници и инструменти, договор за учество на натпревари, согледувања од постигнатите резултати на учениците од натпреварите, разгледување на Годишната програма за работа на училиштето, информации од присуствата на семинари и советувања, анализа на резултатите во училиштето, утврдување на успехот на учениците, согледувања од водењето на педагошката евиденција и документација, информации за учество на концертите во градот.

Извештај за работата на училишниот одбор

Училишниот одбор во текот на учебната 2025/26 година одржа 11 состаноци на кои беа разгледувани и донесувани одлуки на следните теми:

- Разгледување на годишен извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов“Велес за учебната 2025/26 год
- Донесување на одлука за усвојување на годишен извештај за работата на ООМУ „Стефан Гајдов“Велес за учебната 2025/26 год.
- Разгледување на годишната програма за учебната 2025/26 год.
- Донесување на одлука за усвојување на годишната програма за учебната 2025/26 год.
- Нов член на УО од совет на родители
- Избор на претседател на УО
- Разгледување на документи по распишан оглас за наставник по виолончело на определено време за учебната 2025/26 до 31.08.2025
- Донесување на одлука за касов максимум
- Разгледување и донесување на одлука за попис и отпис на крупен и ситен инвентар
- Донесување на одлука за усвојување на финансов план за 2026 год.
- Донесување на одлука за усвојување на планот за јавни набавки за 2025 год.
- Известување за поднесена оставка од член на УО и донесување одлука за негово разрешување
- Годишна програма за работа на УО за учебната 2025/26 година, нејзино разгледување и донесување одлука
- Донесување на одлука за усвојување на самоевалуацијата
- Распишување на оглас и избор на директор на училиштето
- Донесување на одлука за усвојување на полугодишен извештај на училиштето
- Донесување на одлука за усвојување на куќен ред на училиштето
- Донесување на одлука за усвојување за етички кодекс на наставници
- Донесување на одлука за усвојување за етички кодекс на ученици

- Донесување на одлука за усвојување за етички кодекс на родители
- Донесување на одлука за усвојување за етички кодекс на останати вработени
- Донесување на одлука за усвојување измени и надополнување на статутот на училиштето

Извештај за работата на советот на родители

Советот на родители во текот на учебната 2025/26 година одржа 5 состаноци на кои беа разгледувани и донесувани одлуки на следните теми:

- Разгледување и на полугодишниот извештај за работа за учебната 2025/26 год.
- Разгледување на годишниот извештај за работа за учебната 2025/26 год.
- Разгледување на годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 год.
- Конституирање на совет на родители и избор на претседател, заменик и записничар
- Донесување на одлука за усвојување за етички кодекс на родители
- Разгледување на самоевалуација на училиштето 2024/26 год.
- Избор на член на УО

Извештај за работа на директорот

Раководниот орган (директорот) има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на Училиштето. Има изработено План за развој на училиштето – период на изработка 2025 – 2029 година. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во Училиштето. Директорот донесува одговорни одлуки. Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално- финансиското работење на училиштето. Директорот ги врши сите работи пропишани во законот за Основно образование во член 113 Директорот раководи со човечките ресурси, педагошкото раководење, финансиското раководење во следниве

подподрачја: - Комуникации и односи со јавноста; - Унапредување на меѓучовечките односи; - Професионален и кариерен развој и обезбедување кадар; - Планирање, подршка на наставата и учењето; - Обезбедување на квалитет, создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците. - Раководење со финансиски и материјални ресурси. Го заснова своето работење врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет. Воспоставува продуктивни партнерства и соработка во непосредната и во поширокаата заедница. Остварени партнерства со поширокаата заедница: Континуирана соработка со: Театарот, Музејот, Општина Велес, банки, библиотеката, основни и средни музички училишта, факултети, , градинка „Димче Мирчев“, еколошки организации, спортски здруженија. Воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето. Планира состаноци со вработените и навремено ги информира вработените. Конструктивно ја насочува дискусијата, има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето. Има план за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на наставниците и наставата но и јавната презентација на училиштето. Ги поттикнува наставниците за вклучување во активностите за презентација на училиштето. Применува техники за комуникација согласно ситуацијата и вклучените чинители. Креира промени и поттикнува цели. Планира потребен персонал, спроведува интервју со потенцијални кандидати за вработување, обезбедува стручен и компетентен кадар. Препознава и наградува индивидуални достигнувања , но и поттикнува наставници за поголема вклученост во организацијата на училиштето по разни настани. Го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми, проекти. Формира работни тимови, ја следи и учествува во изработката на годишната програма на училиштето. Изготвува оперативни и неделни планови за сопствената работа. Ги презентира годишните и развојни планирања пред органите и телата на училиштето и локалната заедница. Иницира, координира и насочува активности во наставата. Воспоставува процедури за планирање на наставата и на воннаставните активност. Ги подржува наставниците при планирањето. Изработува и користи инструменти за следење на наставата (подготовка и реализација). Следи наставни часови и во повеќе наврати влегува на часовите и дава повратна информација. Ја следи и вреднува ефикасноста на работата во училиштето (распоред на часови, наставни и воннаставни активности, вон училишни активности). Учествува во проценката на инструментите и техниките за самоевалуација на работата на наставниците. Води соодветно инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите. Обезбедува размена на добри практики на иновативна настава во рамки на училиштето. Креира интерни политики, процедури и инструменти за управување со квалитетот и презема активности за нивно спроведување. Директорот на училиштето активно учествуваше и раководеше во изготвувањето на сите видови на планирања за успешно започнување на учебната година. Следење и унапредување на реализацијата на наставата и вонаставните активности на училиштето преку следење на работата на наставниците со посета на часови, примена на стандардите за оценување на учениците и увид во реализација на дополнителната и додатната настава. Соработка со наставниците и родителите, со цел приближување на родителите кон училиштето и нивна редовна информираност за напредокот на учениците и постигнатото ниво на знаење. Соработка со училиштата од општината , но и со другите музички училишта од државата со цел унапредување на наставата и воннаставната дејност на училиштето. Посети и увиди на часовите, со цел следење на напредокот на учениците и унапредување на начинот на оценување на ученичките знаења, со посебно внимание на талентираните ученици кои постигнуваат високи резултати. Директорот ја контролира работата на комисиите и има увид на педагошката евиденција и документација и дневните планирања на

наставниците. Запознавање на учениците со институции од областа на културата со организирање и посета на концертите во градот и надвор од него. Следење на работата на стручните активи, редовни анализи на успехот, изостаноци и поведение на учениците. Учество во изработка на Годишната програма, Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето и програма за сопствената работа. Во реализација на своите работни задачи,како директор остварува соработка со наставниците, родителите, локалната самоуправа, Државниот просветен инспекторат, БРО и др. институции од интерес на училиштето.

Успешно ја организираше и раководеше целокупната работа на училиштето која беше во склад со законските прописи, насоките и одлуките на органите на управување.

Во текот на оваа учебна година се реализирани низа активности се со цел подготовка на училиштето и на учениците за успешно спроведување на јавните настапи и учество на меѓународни натпревари како и проверување на објективноста на оценување на наставниците.

Набавени се орфови инструменти за потребите на реализација на наставата. Обезбедени се репроматеријали по предметите: класична гитара, пијано, виолончело, дувачки инструменти ,гудачки и традициски инструменти. Се изврши санитарен преглед на вработените како и редовна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на училишната зграда. Проверена громобранска инсталација и проверка на ППА, како и генерално чистење на училишната зграда и дворот. Реализирани се бројни настани за потребите на Локалната самоуправа и се одржаа Новогодишен концерт и на крајот на учебната година се одржа (јубилеен 80 годишен)концерт по повод Денот на училиштето ,а јубилејот се одбележа и со концерт на поранешни ученици на училиштето во ликовниот концерт, на кој беа доделени благодарници.

Приоритет во работењето на директорот е обезбедување на потребни услови за работа кои овозможуваат стекнување на применливи знаења, задоволување на интересите и потребите на сите ученици и правилно воспитување на учениците. Директорот води сметка за успешна и доследна реализација на Годишната програма за работа на училиштето и истовремено почитување на законската регулатива во работењето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште "СТЕФАН ГАЈДОВ"
Бр. 02-307/4
06-07 2026 год.
В Е Л Е С

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл.весник 161/2019, 229/2020,3/2025,074/2025 и 250/2025), Училишниот одбор при Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ Велес одржа состанок на ден 03.07.2026 година на кој ја донесе следната

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

За увојување на Годишниот извештај за работа на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2025/2026 година.

Чл.1

На ден.03.07.2026 година Училишниот одбор при Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ Велес го разгледа Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година.

Чл.2

Разгледано е одвивањето на наставата во училишето,оценувањето на учениците,поведението на учениците,поддршката на учениците,наставни и вон-наставни активности,училишната клима и односите во училиштето,развојот на образовниот кадар, соработка на училиштето, постигнатите резултати на учениците и се што опфака работење во текот на учебната година.

Чл.3

По деталното разгледување на Годишниот извештај за работата на Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ Велес во учебната 2025/2026 година, членовите на Училишниот одбор едногласно ја донесуваат Одлуката за негово усвојување.

Чл.4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Велес 03.07.2026

Претседател на УО
_____
Мирјана Пановска